Тамо долу Криволачко



Тамо долу Криволачко Црвени Брегови,
Умре јунак Македонец Никола Петров. (2 п.)

Со фашистка полиција борба водеше,
Цел ден он се стражуваше и им викаше:(2 п.)

„Ви крвници на народот надвор од тука,
Македонија се дига вас да истера“. (2 п.)

„Јас сум чесен Македонец, крв македонска,
В ваште раци не се давам, сам се убивам.“ (2)

Спи спокојно наш другару, Никола Петров,
Ти загина за слобода за Македонија. (2 п.)

Испеал Лазар Манчевски од Неготино—Тиквешко, 1943 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.